РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 05. 04. 2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 1605 | 202 ул | 4 | – |

Global Net Communications

**Internet Service Provider**

# ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ
## (wireless internet)

**Склучен на ден _______ 2013 година помеѓу:**

1. **Интернет провајдерот *Global Net Communications* при ДПТУ "Глобал-Комуникација" – Радовиш со ЕДБ** 4023008501534, **со седиште на ул. Први Мај бр.3 Радовиш, застапуван од Кукутанов Ѓорги од Радовиш, од една страна, во натамошниот текст како *Давател на интернет услуги*; и**
2. **________________________ од Радовиш со ЕМБГ ________________________ во натамошниот текст како *Корисник*.**

Чл. 1

Предмет на овој договор е давањето на интернет услуги од страна на давателот и користењето на истите интернет услуги од страна на корисникот. Времетраењето на овој договор започнува од месец ___________ **2013 година**, со договорна обврска за временски период од 24 месеци, со задолжително времетраење на договорната обврска од 12 месеци од склучувањето на договорот. Обврските од договорот со задолжително времетраење, не смеат да бидат продолжени по автоматизам по истекот на иницијално договорениот временски период. Давателот на интернет услуги во рок не пократок од 15 дена пред истекот на задолжителното времетраење од договорот е должен да го извести корисникот дека му истекува истиот, доколку има промена на усугата на корисникот или доколку корисникот останува без услугата.

Чл. 2

Со овој договор давателот се обврзува да на корисникот ќе му овозможи користење на интернет услуги и тоа на пакетот _________, со Брзина за Download во пристапен дел: _________ Mbps* и брзина за Upload во пристапен дел:_______ Mbps*, по претходно поднесено барање од страна на корисникот до давателот на интернет услугите.

*Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во претплатничкиот договор заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на операторот.

Чл. 3

Корисникот согласно член 2 од овој договор се обврзува да за секое користење на интернет услугата за период од 1 месец е должен да изврши плаќање на сума од ________ **денари во седиштето на давателот на услугата или преку банка на трансакциона сметка која е посочена од давателот на услугата.** Плаќањето мора да се изврши најдоцна до 15-ти наредниот месец, за тековниот месец. Доколку претплатникот не ја уплати месечната претплата во предвидениот рок, операторот е должен да го предупреди претплатникот (по е-маил, sms или писмено) при што ќе му определи дополнителен рок за наплата. Доколку и по истекот на тој рок претплатникот не го подмири направениот долг, истиот ќе биде исклучен од мрежата на операторот, при што обврската за плаќање на претплатникот останува во важност. Со подмирувањето на обврската за плаќање на корисникот, давателот на интернет услугата е должен да го продолжи давањето на интернет услугата наведена во договорот. Давателот е должен најдоцна до 5-ти во месецот да му достави фактура на корисникот, за претходниот месец, на адреса која ќа ја посочи корисникот. Доколку претплатникот од било која причина, не добие фактура во предвидениот рок, треба истата да ја побара во седиштето на операторот.

Чл. 4

Давателот се обврзува да на свој трошок професионално ја инсталира целокупната опрема заради користење на интернет услугите до седиштето на корисникот. Севкупната опрема останува во сопственост на давателот на услугите и корисникот врз неа не полага никакво право да ја продава, дава под закуп, или на било кој начин да ја отуѓува. Операторот се обврзува на претплатникот да му ја активира претплатничката линија во рок од 5 работни дена од денот на склучувањето на договорот.

Чл. 5

Корисникот се обврзува да опремата која што ќе биде инсталирана на локацијата што тој ке ја посочи, да не ја оштетува и со истата да постапува согласно напатствијата кои што ќе му бидат дадени од страна на давателот на интернет услугите, врз истата да не врши никакви модификации или да со истата на било каков начин ракува надвор од напатствијата на давателот на интернет услугите.

Доколку во текот на користењето на услугите корисникот на било кој начин ја оштети инсталиранатa опрема за користење на интернет услугите, истиот се обврзува штетата во целост да ја надомести најдоцна во рок од 45 дена од проценката на штетата.

Штетата во таков случај ќе ја процени стручна екипа на давателот на услугите.

Чл. 6

По истекот на законски предвидениот рок од 12 месеци од склучувањето на договорот, корисникот може по своја волја да го прекине користењето на интернет услугата, но притоа е должен најдоцна во рок од 15 дена пред истекот на тековниот месец да го извести давателот на интернет услугата, со поднесување на барање за раскинување на договорот, по кое барање корисникот е должен да ја врати инсталираната опрема во седиштето на давателот на интернет услугата и тоа најдоцна во рок од 3 дена по истекот на тековниот месец. Операторот ќе постапи по Барањето за раскинување на договорот веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на поднесување на Барањето, при што претплатникот е должен да ги подмири сите доспеани обврски за плаќање кон операторот.

Во случај на предвремено раскинување на договорот, корисникот плаќа казна, во износ од 3000 денари.

Операторот, доколку забележи повреда на договорните обврски од страна на претплатникот, има право да го раскине договорот во рок од 7 дена од денот на настанувањето на повредата.

Чл. 7

(1) Корисникот на интернет услугата има право на приговор против одлуките или активностите надавателот на услугата во врска со пристапот до интернет услугата или нејзиното обезбедување.
(2) Приговорот може да поднесе корисникот на интернет услугата во случаи како под став 1 од овој член. Корисникот приговорот може да го поднесе во седиштето на давателот на интернет услугите чија адреса и контакт телефони се наведени на почетокот на договорот.
(3) Приговорот до операторот може да се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот. Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, корисникот е должен да го плати само износот на месечната претлата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на давателот на услуги или други достапни начини за плаќање од страна на давателот на услуги.
(4) Давателот на услуги по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести корисникот. Известувањето треба да

содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на корисникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пример службена белешка за извршената техничка контрола и сл).
(5) Доколку корисникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата.
(6) Доколку давателот на услуги не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот (5) од овој член, корисникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до давателот на услуги.
(7) Агенцијата, одлучува по приговорот од корисникот во рок од 42 дена од денот на приемот.

Чл.8

(1) Давателот на интернет услуги им нуди на своите клинти интернет пристап со добар квалитет и брзина наведена во пакет понудата креирана од страна на давателот на таа услуга.
(2) Заинтересираните клиенти пред се со потпишувањето на договорот се договаараат со техничкото лице кога да биде извршена монтажата и конфигурацијата на уредот со кој давателот на интернет услугата ја дава таа услуга.
(3) Техничкото лице е овластено да ги одржува и извршува услугите што се предмет на договорот.
(4) Детални информации за тарифите и цените и роковите за информирање за промени на тарифите и цените;
(5) Операторот има обврска да ги врати паричните средства на претплатникот во случај на привремен прекин на претплатничката линија од сообраќајот поради пречки на линијата или мрежата во рамките на мрежното покривање на од операторот кои не е по вина на претплатникот. При тоа операторот ќе ги врати паричните средства во делот на месечниот надоместок за основните и дополнителните услуги за износ пропорционален на деновите кога линијата не била во функција, доколку прекинот трае подолго од 48 часа. Исто така операторот има обврска да врати парични средства на претплатникот во случај на основан приговор од страна на претплатникот при утврдена грешка во фактурурањето што доведува до зголемување на износот за користени комуникациски услуги, во висина на погрешното задолжување, доколку претплатникот ги има подмирено сите претходни доспеани долгови кон операторот.

Чл.9

Давателот на интернет услуга ја нуди можноста на претплатниците нивните лични податоци да не бидат објавувани во јавност и достапни до јавноста преку целосниот телефонски именик и телефонската служба за информации од целосниот телефонски именик.

Чл.10

Давателот на интернет услугите не превзема никаква одговорност за квалитетот на интернет услугите доколку корисникот не обезбедил потребна компјутерска конфигурација и неисправен оперативен систем заради правилно функционирање на интернет услугите.

Чл. 11

Давателот на интернет услугите има право во согласност со развојната програма и техничките планови, без согласност на корисникот, да ги промени техничките карактеристики на интернет услугите, се со цел обезбедување подобар квалитет и можност за користење на интернет услугите. Обврска на давателот на интернет услугата е да ги информира претплатниците за планираните измени во условите наведени во договорот и начинот на прифаќање на новите услови за продолжување или раскинување на претплатничкиот договор, најкасно 5 дена пред стапување

на промените сила, преку сопствениот веб-сајт. Се смета дека претплатникот се согласил со промената на договорот доколку во рок од 30 дена од денот на известувањето писмено не го извести операторот дека сака да го раскине договорот без пенали.

Чл.12

Клиентите можат да ги остварат своите права преку Агенцијата за електронски комуникации во контакт центарот на бројот 190.

Чл. 13

Користењето на интернет услугите кои што ги дава давателот можат да бидат прекинати поради дејство на Виша сила (настан независен од волјата на дооворните страни, на пр. временска непогода, природни катастрофи, немири, војни и др.)

Чл. 14

Давателот на интернет услугите со овој договор се обврзува да на корисникот му овозможи 24-часовна техничка подршка.

Доколку на опремата инсталирана кај корисникот се појави било каков проблем кој не е по вина на корисникот, давателот се обврзува истиот проблем да го отстрани најдоцна во рок од 3 дена.

Чл. 15

Странките на договорот се обврзуваат сите спорови да ги решаваат спогодбено, а во спротивно ќе биде надлежен Основен Суд Радовиш. За сето она што не е опфатено со овој договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО (Закон за Облигациони Односи).

Овој договор се смета за склучен со денот на потпишувањето на истиот од страна на договорните страни, и истиот е составен од 2 еднообразни примероци од кои по 1 за секоја од договорните страни.

| ЗА ДАВАТЕЛОТ НА ИНТЕРНЕТ УСЛУГИТЕ | КОРИСНИК |
| --- | --- |
| ______________________ | ______________________ |
| | Име и Презиме |